Секр Труд


**Агенција за вработување на Република Македонија**

**-Централна служба-**

ул. Васил Ѓоргов бр. 43, 1000 Скопје, Р.Македонија; тел. ++389 (0) 2 3111-850; факс ++389 (0) 2 3111-856
www.zvrm.gov.mk; e-mail: info@zvrm.gov.mk


Наш знак: 03 –820/1
Скопје,22. 08.2012 година

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
- Кабинет на Министер

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ I

| Примено: | 24 -08- 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 00 | | | |

Предмет: Доставување на Упатство

*Почитувани,*

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Упатството за транспарентност на имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012-2013 година кое е изготвено од Агенцијата за вработување на Република Македонија во соработка со преставаник од Министерството за труд и социјална политика. Ве молиме по разгледувањето и потпишувањето на Упатството од Ваша страна, еден примерок да задржите за ваши потреби, а другите два примерока да ни ги вратите назад.

*Ви благодариме на соработката,*
*Со почит*

Прилог: Упатство

Изработил: Јулијана Дејановска
Контролирал: Гоце Милошевски
Одобрил: Виолета Димитриева

Директор,
Влатко Поповски

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# Агенција за вработување на Република Македонија
-Централна служба-
ул. Васил Ѓоргов бр. 43, 1000 Скопје, Р.Македонија; тел. ++389 (0) 2 3111-850; факс ++389 (0) 2 3111-856
www.zvrm.gov.mk; e-mail: info@zvrm.gov.mk


ЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-820/1
21-08-2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-5486/
24-08-2012 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2012-2013 година, усвоен од Владата на Република Македонија на 20 декември 2011 година, а во во врска со дел IV. Промоција на Оперативниот план,Националниот директор- Министерот за труд и социјлна политика и Националниот коодринатор-директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, донесоа

## УПАТСТВО

за транспарентност на имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012-2013 година

### Член 1

Со ова упатство се пропишуваат конкретни активности, со цел обезбедување на транспарентност на насионално и локално ниво во процесот на имплементацијата на програмите и мерките од Оперативниот план за активни програм и мерки за вработување 2012-2013 година (во натамошниот текст:ОП), од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: АВРМ) .

### Член 2

АВРМ тековно ги имплементира и следи предвидените активности во рамките на секоја програма и мерка за вработување од ОП.

АВРМ објавува јавен оглас во печатените медиум во кој се наведува времето за доставување на барање за соодветната програма/мерка, целната група, финансиската или друг вид на поддршка, правата и обврските на страните вклучени во одделната програма/мерка,начинот на обезбедување на поконкретни информации кои можат да ги добијат во процесот на траење на јавниот оглас и потоа и сл.

Центрите за вработување на локално ниво редовно се задолжени да даваат дирекни информации, насоки, упатства и информативни материјали во врска со условите и критериумите за секоја програма/мерка.

Центрите за вработување на локално ниво за време на траење на јавниот оглас се задолжени да обезбедат јавен настап на локалните електронски медиум на кој ќе ги пренесат информациите, насоките, упатствата за условите и критериумите за секоја програма/мерка.

### Член 3

АВРМ и центрите за вработување во процесот на имплементација на програмите/мерките остваруваат континуирана соработка со останатите органи и

институции на национално и локално ниво и за преземените активности редовно ги информираат лицата вклучени во програмите/мерките.

Член 4

Секое одговорно лице задолжено за соодветната програма/мерка во АВРМ во рок од 48 часа по завршување на процесот на определување (селекција) на лицата за учество во понатамошните активности предвидени во рамките на програмата/мерката, врз основа на претходна согласност на директорот на АВРМ, ги објавува на веб страната на АВРМ, лицата кои треба да продолжат со натамошните активности.

Член 5

Секое лице кое доставило писмен интерес за учество во програмата/мерката, во рок од 5 дена, по објавување на резултаите од член 4 на ова упатство, може да поднесе приговор во писмена или електронска форма до АВРМ.

Одговорното лице во АВРМ, во рок од 5 дена е должно да ги оцени наводите содржани во приговорот од став 1 на овој член и за истото да го извести подносителот на приговорот и центарот за вработување.

Член 6

Министерот за труд и социјална политика, директорот на АВРМ и останати претставници на органи и институции кои се инволвирани во имплементацијата на програмите/мерките, потребно е редовно да информираат за остварените резултати.

Остварените резултати можат да се објават и на веб сајтовите на одговорните органи и институции.

Член 7

Ова упатство се објавува на веб сајтовите на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Директор на Агенција за

Вработување на Република Македонија

Влатко Поповски

Министер за труд и социјална

политика

Спиро Ристовски